Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор сектор („Сл. весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и "Службен весник на Република Северна Македонија" 143/19 и 14/20), министерот за култура и туризам на ден ________ 2025 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополна на Правилникот за внатрешна организација и работа Министерството за култура и туризам**

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, бр. 04-1462/3 од 02.02.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за култура бр. 04-7008/3 од 30.05.2018 година во членот 3, под точката 6.1 се менува и гласи:

**6.1** Одделение за Креативна Европа на ЕУ

Во членот 1, под точката 6.1 се менува и гласи

Во **Одделението за креативна европа на ЕУ** се вршат работи кои се однесуваат на спроведување на културната програма на Европската Унија, соработка со различни институции, здруженија и НВО, меѓународни организации во земјата и надвор од неа, изготвување на анализи, информации, извештаи, осврти и други материјали за состојбите во доменот на спроведување на културната програма на Европската Унија, организирање на јавни настани и индивидуални состаноци со потенцијалните кандидати/културни оператори за нивна поддршка во процесот на аплицирање, прмоција на програмата и успешните проекти, координирање и усогласување на активностите на успешните проекти во рамки на годишните програми на Министерството за култура со цел поддршка и успешна реализација на проектите, соработка со Генералниот директорат за образование и култура на ЕУ и Извршната агенција за образование, канцелариите на Креативна Европа во земјите учеснички на програмата како и другите субјекти од областа на културата, за реализација и поддршка за спроведување на културната програма на ЕУ како и координација на спроведувањето на подпрограмата МЕДИА.

**Член 2**

Во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, бр. 04-1462/3 од 02.02.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за култура бр. 04-9509/2 од 28.10.2024 година во членот 3, точка 16 се менува и гласи :

**16** Сектор за промоција и анализа на туризмот, меѓународна соработка, користење на еу и други фондови, и категоризација.

**16.1** се менува и гласи: Одделение за промоција на туризмот, меѓународна соработка и користење на ЕУ и други фондови.
**16.2** се менува и гласи: Одделение за анализа, истражување и категоризација.

**Член 3**

Во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, бр. 04-1462/3 од 02.02.2016 година и Измена и дополна на Правилникот за внатрешна

Во **Секторот за промоција и анализа на туризмот, меѓународна соработка, користење на еу и други фондови, и категоризација** се организира, координира, неговата работа, се врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите;
се координира и следи процесот на подготовка на анализи од делокругот на секторот, врз основа на подготвените материјали во одделенијата;се врши координација и усогласување со програмите и приоритетите на Владата, се обезбедува конзистентност и кохерентност со стратешките програми по прашањата од областа на промоција на туризмот, домашна и меѓународна соработка, користење на ЕУ и други меѓународни фондови и категоризација;
се даваат предлози за изменување и дополнување на закони, подзаконски акти и се иницира решавање на одделни проблеми по прашања од областа на промоција на туризмот, домашна и меѓународна соработка, користење на ЕУ и други меѓународни фондови и категоризација .
организација и работа на Министерството за култура бр. 04-1462/3 од 03.02.2021 година во членот 3 се додава нова точка 17 и гласи:

**17**.Секторот за проекти и поддршка на туризмот. Во рамки на Секторот се воспоставуваат две одделенија.
**17.1** Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје
**17.2** Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга

**Член 4**

Во членот 2, точката 16 се менува и гласи

За извршување на работите и задачите од делокругот на Секторот за промоција и анализа на туризмот, меѓународна соработка, користење на еу и други фондови, и категоризација се формираат следните одделенија:

**-Одделение за промоција на туризмот, меѓународна соработка и користење на ЕУ и други фондови** ја организацира, насочува, координара работата; врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од делокругот на одделението; ја координира стручната поддршка на вработените во одделението во подготовката на договори и проекти за меѓународна соработка и користење на ЕУ и други меѓународни фондови; ги координира сите активности во однос на подготовката на стратешките документи од областа на меѓународна соработка и користење на ЕУ и други меѓународни фондови; ги следи и координира стручните работи во однос на меѓународна соработка и користење на ЕУ и други меѓународни фондови;

**- Одделение за анализа, истражување и категоризација** врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од делокругот на одделението; ја координира стручната поддршка на вработените во одделението во подготовката на законите и подзаконските акти поврзани со категоризација и лиценцирање; ги координира сите активности во однос на подготовката на проекти поврзани со категоризација; ги следи и координира стручните работи во областа на развој на туристичките дестинации и известува за истото; ја организира работата и предлага концепт на заклучоците на работните тела поврзани со категоризација; ја координира стручната поддршка во подготовката и реализацијата на проекти од областа на категоризацијата;

**Член 5**

Во членот 3 се додава нова точка 17 и гласи

**Во Секторот за проекти и поддршка на туризмот се** вршат задачи поврзани со оганизација, насочување и координација на работата на секторот, во делот на успешната поддршка и развој на туризмот, задачи повразни со реализација на планот за работа на секторот и на МКТ во целина во рамките на поддршката на туризмот, се врши следење и координирање на рализацијата на активностите согласно законот за ТРЗ и автокампови, се врши организација и координација со проектите во рамките на поддршката на туризмот, се подготвуваат материјали и документи за програмите за работа на МКТ, се даваат насоки и предлози за изготвување на подзаконски акти во рамките на секторот, се дава стручна помош и совети во делот на

проектните активности, се врши менторство во рамките на секторот, се вршат задачи поврзани со координација на активности во делот на меѓународната соработка во рамките на поддршката на туризмот и реализација на проектите, се изготвуваат извештаи и стручни мислења од делот на поддршката на туризмот, се учествува во изготвување на извештаи за реализација на програмата.

За извршување на работите и задачите од делокругот на Секторот за следење, анализа и креирање политики во туризмот се формираат следните одделенија:

**-Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје:** се вршат активности поврзани со се грижа и давање иницијатива за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението, се предлагаат и непосредно се учествува заедно со другите раководители на одделенијата во изготвувањето на програмите за работа на МКТ,

се дава мислење и се прават анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на одделението, се подготвуваат предлози на план за работа на одделението, се дава стручна помош во делот на реализација на активностите согласно законот за автокампови и ТРЗ, се подготвува предлози за политики по начелни прашања од делокругот на одделението, се учествува во изготвување на извештај за реализација на програмата во делот на поддршката на туризмот, се учествува во изготвувањето на подзаконски акти во делокругот на одделението, се формираат работни групи во рамките на одделението со цел на ефикасно извршување на работните задачи, се даваат задолженија, насоки и упатства со цел на навремено и ефикасно извршуваање на работние задачи, се врши непосредна контрола и надзор врз извршувањето на работата во одделението,

**-Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга:** се вршат активности поврзани со се грижа и давање иницијатива за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението, се предлагаат и непосредно се учествува заедно со другите раководители на одделенијата во изготвувањето на програмите за работа на МКТ,

се дава мислење и се прават анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на одделението, се подготвуваат предлози на план за работа на одделението, се дава стручна помош во делот на реализација на активностите согласно законот за автокампови и ТРЗ, се подготвува предлози за политики по начелни прашања од делокругот на одделението, се учествува во изготвување на извештај за реализација на програмата во делот на поддршката на туризмот, се учествува во изготвувањето на подзаконски акти во делокругот на одделението, се формираат работни групи во рамките на одделението со цел на ефикасно извршување на работните задачи, се даваат задолженија, насоки и упатства со цел на навремено и ефикасно извршуваање на работние задачи, се врши непосредна контрола и надзор врз извршувањето на работата во одделението,

**Член 6**

Графичкиот приказ на организацијата на Министерството за култура и туризам, (органограм) е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Овој Правилник за измена и дополна на Правилникот за внатрешна организација и работа Министерството за култура и туризам влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна и администрација .

**М И Н И С Т Е Р,**
**Зоран Љутков**

**Број ___________________**
**Дата ___________________**
**Скопје**

Изработил: И.Стевковска